Согласно добиените податоци од Македонски Телеком АД – Скопје (допис бр. 48651 од 16.01.2023 година) констатирано е дека на предметниот опфат **има постојна МКТ инфраструктура и истата е прикажена во графичките прилози**.

***МЕПСО***

Согласно добиените податоци од АД МЕПСО (допис бр.11-302/1 од 18.01.2023г.) констатирано е дека предметниот плански опфат **не се пресекува** со ЕЕ објекти во воспственост на АД Мепсо.

***Дирекција за заштита и спасување***

Согласно писмо бр. 09-13/2 од 17.01.2023 година ДЗС Струмица известува дека не располага ниту има податоци за постоечка или планирана инфраструктура во проектниот опфат и доставува мерки за заштита и спасување кои треба да бидат вградени при изработката на овој предметниот УП. По вградувањето на посочените мерки за заштита и спасување потребно е Урбанистичкиот проект да се достави во ДЗС – Струмица за добивање на мислење.
Во делот Мерки за заштита и спасување, треба да се опфатат следните мерки:
- ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ;
- ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ;
- ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ;
- ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО;
- РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА

***ЈПКД Комуналец***

Согласно добиените податоци од ЈПКД Комуналец (допис бр.10-3107/2 од 23.05.2023г.) констатирано е дека предметниот проектен опфат **се пресекува** со инфраструктура која е во нивна сопственост и истите се прикажени во графичките прилози.

***ЈП ЖРСМ Инфраструктура***

Согласно добиените податоци од ЈП ЖРСМ (допис бр.2001-18842 од 15.05.2023г.) констатирано е дека предметниот проектен опфат **се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничката пруга.**

## 3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТЕН КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ВО КОЈА Е УТВРДЕН ПРОСТОР ОПРЕДЕЛЕН СО ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ

Просторот дефиниран за изработка на Урбанистичкиот проект за парцелирано градежно земјиште се наоѓа во опфатот на ДУП за град Струмица, блок бр.24. Предмет на работа на овој УП за парцелирано земјиште е парцелата ГП 24.7.

Целта на изработката на урбанистичкиот проект е дефинирање на површини за градба во ГП24.7, со основна класа на намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, со почитување на максималната површина за градба дадена во важечкиот ДУП за град Струмица, потребата на Инвеститорот и согласно член 58 став 2 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23).

**Важечкиот ДУП е изработен на застарени геодетски подлоги и фактичката состојба не одговара во целост со катастарските планови.**

**Нумеричките показатели во Урбанистичкиот Проект се утврдени по сегашната актуелна состојба со извршени преклопувања со катастарските планови и евентуалните разлики што постојат се минимализирани и се оправдани**

Документацијата ќе биде изработена според новите и тековни законски прописи, правилници и регулативи т.е. Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ. Бр. 32/20, 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање ( Сл.весник на РМ. Бр. 225/20) и Измена и дополна на Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ 219/21, 104/22 и 99/23). Сите поединечни елементи ќе содржат текстуален дел со билансни показатели за постојната и проектната состојба како и потребните графички прилози.

Површината на проектниот опфат изнесува **22428,12м**$^2$.

Проектниот опфат тангира со две магистрални улици, ул.„Маршал Тито“ на запад и „Климент Охридски“ на исток. Влезот и излезот од КП 7654/2 во постојната состојба се одвива од јужниот дел на парцелата, преку денивелираната крстосница (клучка која ја сочинува ул. „Климент Охридски“, ул. „Маршал Тито“ и Регионален пат Р1402).
Според Извод од ДУП за Блок 24, ГП 24.7 предвидено е приклучок на јавен пат од КП7654/2 да се одвива преку Новопланирана ул.1 на северната страна на проектниот опфат.

Нумеричките податоци според Извод од ДУП за формирање на ГП 24.7 ќе бидат подлога за изработка и согласно истите на ГП 24.7 планирана е основна класа на намена Г2- Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија. Максимално дозволената катност е утведена со ДУП, катност П+2. Овие податоци се прикажани во табела бр.1.

| НУМЕРИЧКИ ПАРАМЕТРИ ДАДЕНИ ВО ИЗВОД ОД ДУП | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. Број | Блок | Градежна парцела | Група на класи на намена | Основна класа на намена | Опис | Компатибилни класи на намени | Вкупен % на комп.класа во осн.класа | Површина на парцела (м²) | Макс. Дозволена површина за градење во приземје (м²) | Бруто развиена површина за градење по етажи (м²) | Процент на изграденост % | Катност | Максимална височина м' | Коеф. на искористеност | Потребен врој на паркинг места |
| 1 | 24 | 24,7 | Г | Г2 | лесна незагадувачка индустрија | Б1, Д2, Е2, Г3, Г4 | 30% | 22282,8 | 11141,4 | 33424,2 | 50% | П+2 | 12 | 1,5 | * во следна фаза со проектната документација во зависносто од потребите на градбата |

**Табела бр. 1**

## ДЕЈНОСТИ И АКТИВНОСТИ КОИ СЕ ОДВИВААТ ВО ГРАДБИТЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА СЕКОЈА ГРАДБА ПОЕДИНЕЧНО

Со овој Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште, согласно член 58 став (2) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20, 111/23) во ГП 24.7 треба да се обезбедат услови за утврдување на површини за градба со основна класа на намена Г2– Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, согласно податоците од Извод од ДУП за Блок 24, УЕ9, ГП 24.7 за град Струмица, согласно производниот процес планиран во објектот и дејноста на Инвеститорот.

Во Извод од ДУП за Блок 24, УЕ9, ГП 24.7 за град Струмица, за формирање на парцела 24.7 дадена е рамковна површина за градба и истата е лимитирана со точно определена површина од 11141,4 $м^2$ односно 50% од површината на парцелата.

Важечкиот ДУП е изработен на застарени геодетски подлоги и фактичката состојба не одговара во целост со катастарските планови. Нумеричките показатели во Урбанистичкиот Проект се утврдени по сегашната актуелна состојба со извршени преклопувања со катастарските планови и евентуалните разлики што постојат се минимализирани и се оправдани.

Врз основа на Проектната програма на инвестоторот во овој УП се утврдени три површини за градба, сообраќајно решение и партерно уредување на ГП 24.

| НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден број на објект | Блок | Градежна парцела | Група на класи на намена | Класа на намена | Површина на парцела (m2) | Површина за градење / м2 | Максимален број на катови по ДУП | Максимална височина м' | Бруто изградена површина (м2) | Процент на изграденост | Коефициент на искор. | Паркирање |
| 24.7.1 | 24 | 24, 7 | Г | Г2 | | 1209,18 | П+2 | | 3627,54 | | | |
| 24.7.2 | 24 | 24, 7 | Г | Г2 | 22428,12 | 2361,82 | П+2 | 12 | 7085,46 | 43,30% | 1,30 | 27 паркинг места |
| 24.7.3 | 24 | 24, 7 | Г | Г2 | | 6139,81 | П+2 | | 18419,43 | | | |
| | | | | | ВКУПНО: | 9710,81 | | | 29132,43 | | | |
| | | | | | ВКУПЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ | 22428,12 | | | | | | |

**Табела бр. 2**

Во табела 2 се прикажани нумеричките показатели за градежната парцела според урбанистичкиот проект.

Согласно Табеларниот приказ се предвидува **Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачна индустрија** со вкупна површина од 9710,81м2, односно 43,3%, дозволена катност П+2 **.**

**Објект означен со 24.7.1 е со градежна површина од 1209,18м2, катност П+2, бруто развиена површина од 3627,54м2. Објект означен со 24.7.2 е со градежна површина од 2361,82м2, катност П+2, бруто развиена површина од 7085,46м2. Објект означен со 24.7.3 е со градежна површина од 6139,81м2, катност П+2, бруто развиена површина од 18419,43м2.**

Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот **може да отстапуваат** други делови на градбите:
- кули, покривни баџи, стакларници и издадени покривни елементи,
- оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко-технолошки инсталации и
- сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот. (член 126 од Правилникот за урбанистичко планирање--Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23).

## Градежна парцела ГП 24.7

**Група на класа на намена:** Г – Производство, дистрибуција и сервиси
**Основна класа на намени:** Г2 - лесна и незгадувачка индустрија
**Површина на градежна парцела:** 22428,12м2
**Max.површина за изградба:** 9710,81 м2
**Бруто развиена повшина:** 29132,43 м2
**Процент на изграденост:** 43,30%
**Катност:** П+2
**Коефициент на искористеност:** 1,3

## ВНАТРЕШНИ СООБРАЌАЈНИЦИ И НАЧИН НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА

### *Сообраќаен план*

Проектниот опфат тангира со две магистрални улици, ул.„Маршал Тито“ на запад и „Климент Охридски“ на исток.

Според Извод од ДУП за Блок 24, ГП 24.7 предвидено е приклучок на јавен пат од КП7654/2 да се одвива преку Новопланирана ул.1 на северната страна на проектниот опфат.

Ул.Новопланирана бр.1 е сервисна улица со ширина на коловозот од 7.0 метри по две сообраќајни ленти од по 3.5метри, и изградени тротоари од двете страни со ширина од 1.5 метри.

Секоја градба сообраќајно да биде поврзана со секундарна улична мрежа во ниво (влез излез од паркинг или гаража). Се препорачува нивелетата на внатрешната улица да паѓа кон улицата која го формира Урбанистичкиот блок, а во правец на нагибот на теренот, во правец на истекотот на водата.

Новопланирата улицата „1“ ја тангира парцелата ГП 24.7.

Сообраќајнот профил на улицата која ја тангира ГП 24.7 е следната:
Ул."1".

| | |
|---|---|
| коловоз | 2 x 3,5 =7,00 |
| тротоари | 2 x 1,5 =3,00 |
| Вкупно: | 10,00 |

Сообраќајнот профил на ул.„Климент Охридски“ која ја тангира ГП 24.7 е следната:
Ул."Климент Охридски".

| | |
|---|---|
| коловоз | 2 x 8,5 =17,00 |
| тротоари | 2 x 1,5 =3,00 |
| Вкупно: | 20,00 |

Сообраќајнот профил на ул.„Маршал Тито“ која ја тангира ГП 24.7 е следната:

Ул."Маршал Тито".

| | |
|---|---|
| коловоз | 2 x 6,0 = 17,00 |
| тротоари | 2 x 4,0 = 3,00 |
| зеленило | 1 x 2,0 = 2,00 |
| Вкупно: | 22,00 |

Сообраќајното решение произлезе од ситуационото решение според потребите за одвивање на сообраќајот според утоварно растоварниот процес на само претпријатие, со цел да се добие зголемување на капацитет и пропусна моќ, намалување на времето на патување, овозможување на непречено одвивање на сообраќајот и унапредување на безбедноста на сообраќајот во самата парцела и безбеден приклучок на јавен пат од самата парцела.

Сите димензии на коловозните ленти и хоризонтални кривини се димензионирани согласно Правилник за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Во склоп на парцелата има еден карактеристичен профил на сообраќајници:
-Двонасочна внатрешна индустриска улица со коловозна лента од 3,5м

Хоризонталната поставка со елементи за хоризонтално решение (радиуси и сообраќајни профили) се презентирани во графичкиот прилог "Сообраќаен и нивелациски план"

* Стациониран сообраќај - паркирање

Паркирањето и гаражирањето треба да се реши во границите на ГП. Потребниот број паркинг места се утврдува согласно член 134 став (1) алинеа Г – производство, рударство, енергетика, индустрија од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) и согласно потребите на Инвеститорот. Според тоа за предметната парцела предвиден е и стационарен сообраќај и обезбедени се вкупно 27 паркинг места за лесни возила. Во однос на товарните возила изведен е пристап до објектот со рампи во согласност со потребите на производството.

## ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ СО ХОРТИКУЛТУРА

**Процентот на озеленетост во рамките на градежната парцела претставува однос помеѓу површината на градежното земјиште наменето за зеленило и вкупната површина на градежно земјиште изразено во проценти.**
**Процентот за озеленетост во рамките на градежната парцела 24.7 изнесува 22%.**

При изработка на проектна документација за предметниот опфат да се настојува долж улиците да се уреди појас на зеленило со садници од типот на грмушки и садници на листопадни дрва со висина до 6м, кои се карактеристични за поднебјето. Растојанието меѓу листопадните дрва треба да овозможи формирање засенчен коридор за движење на пешаците во летниот период (функционално заленило). Овој коридор да има прекини на секои 50м (осовински) со должина на прекинот од 10м, во кој треба да се постават грмушки, аранжирани со друг вид декоративно зеленило.

Дворните места, односно просторот околу градбите хортикултурно да се уреди максимално блиску до природниот амбиент, со садници од групата на листопадни и зимзелени дрва, кои се карактеристични за локалитетот.

## ВОДОВИ И ИНСТАЛАЦИИ ЗА ИНФРАСТРУКТУРИТЕ

### Водоснабдување и канализација

#### Комунална инфраструктура

Согласно информациите од издадениот ДУП, во профилот на улиците планирана е и водоводна мрежа, фекална и атмосферска канализација и истата е прикажана во изводот од ДУП.

#### Водоводна мрежа

Секоја градба или комплекс од градби, за кои има потреба од водоснабдување, да се поврзе со водоводната мрежа во приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена во сопствената градежна парцела. Приклучокот со примарниот вод да се изврши према важечките стандарди и нормативи за тој вид инфраструктура.

#### Фекална канализација

Секоја градба, или комплекс, за кои има потреба од одведување на отпадните води да се поврзе со инфраструктурната канализациска мрежа за одведување на отпадните води во приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена на пресекот со осовината на примарниот одводен канал.

#### Атмосферска канализација

Согласно информациите од издадениот ДУП, во профилот на улиците е планирана атмосферска канализациона мрежа на која ќе се приклучат и објектите одпредметниот опфат.

### Електро – енергетика и ПТТ инсталации

#### Електрични инсталации

Согласно добиените податоци, информации и мислења од ЕВН Скопје, во приложениот плански опфат постојат постојни инсталации во нивна сопственост, односно подземен среднонапонски кабел со предвиден заштитен појас, прикажен во графичките прилози.

Планираните објекти од предметниот опфат ќе се приклучат на постојната околна и планирана мрежа. Планираната мрежа е прикажена во графичките прилози.

**Телекомуникациска инфраструктура**

Согласно добиените податоци, информации и мислења од Македонски Телеком АД Скопје на предметниот плански опфат постои инфраструктура која е во нивна сопственост и истите се прикажени во графичките прилози.

## 1. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

Просторот дефиниран за изработка на Урбанистичкиот проект е ГП 24.7 која е формирана со Извод од ДУП за Блок 24, УЕ9, ГП 24.7 за град Струмица**,** со основна намена Г2 -Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија.
Вкупната површина на проектниот опфат изнесува **22428,12 м2.**

**Проектниот опфат** е површината на ГП 24.7 формирана со Извод од ДУП за Блок 24, УЕ9, ГП 24.7 за град Струмица.

**Регулациона линија** е граница меѓу градежното земјиште за општа употреба и градежното земјиште парцелирано на градежни парцели, наменети за поединечна употреба. Регулационата линија е линија која разграничува јавно од приватно земјиште, во овој случај ја разграничува градежната парцела ГП 24.7 од ул.„Климент Охридски“, ул„Маршал Тито“ и ул„Новопланирана бр.1“. Во графичките прилози означена е регулационата линија.

**Граница на градежна парцела** е линија која го разграничува просторот на градежното земјиште на различни носители на право на градење. Вертикалната површина на која лежи оваа линија е всушност површината која го ограничува правото на градба над површината на земјата и под површината на земјата, на секој поединечен носител на право на градба.

**Градежна парцела** е ограничен дел од градежно земјиште со ист носител на право на градење.

**Наменска употреба на земјиштето – класи на намени**
Согласно Извод од ДУП за Блок 24, УЕ9, ГП 24.7 за град Струмица, во проектниот опфат предвидена е класа на намена и тоа: Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија. Предвидени се комплементарни, компатибилни и алтернативни класи на намени согласно член 80, 81, 82, 83 и 84 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23).

**Градежна линија** претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбите може да се градат.

Градежната линија го одредува просторот за градба и оддалеченоста на градбата од регулационата линија, линија на градежна парцела или пак од осовината на улицата на која се наслонува градежната парцела (од каде што се обезбедува пристап). Во графичките прилози означена е градежната линија со детално котирање на растојанија до границата на градежната парцела и до регулационата линија.

**Површина за градење** е утврден дел од градежната парцела предвиден за градење на градбите. Површината за градење е дел од градежната парцела ограничен со градежни линии дадени со планот во зависност од намената на објектот.

**Височина на градење** е условена од потребата за просторот и од намената. Висината на градбите, дефинирирана согласно Извод од ДУП за Блок 24, УЕ9, ГП 24.7 за град Струмица е H=12m, односно изразена во катност, П+2.
Висината на приземната плоча (нулта кота во однос на котата на тротоарот) е условена од намената на градбата и истата е утврдена со идејното решение на објектите. Се дозволува градење под земја во граници на градежната парцела, со употреба на соодветни материјали и технологија на изградба.

Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот **може да отстапуваат** други делови на градбите:
- кули, покривни баџи, стакларници и издадени покривни елементи,
- оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко-технолошки инсталации и
- сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот. (член 126 од Правилникот за урбанистичко планирање--Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23)

Со **процентот на изграденост** е дадено колкав дел од градежното земјиште на разгледуваната градежна парцела ќе биде зафатено со градба. Се пресметува како однос помеѓу бруто површината на земјиштето под градбата и површината на градежното земјиште. Процентот на изграденост на земјиштето всушност ја покажува густината на изграденост.
Во Урбанистички Проект за ГП 24.7 процентот е **43,3%.**

Доколку при реализацијата на урбанистичкиот проект, потребни се одредени измени на Идеен проект или е потребно усогласување на идејниот проект со Законот за градење, се изработува нов идеен проект во согласност со урбанистичките параметри од овој урбанистички проект и во согласност со законската регулатива од областа на градењето.

## ГРАДЕЖНИ УСЛОВИ

### Градежна парцела ГП 24.7

**Група на класа на намена:** Г – Производство, дистрибуција и сервиси
**Основна класа на намени:** Г2 - лесна и незгадувачка индустрија
**Површина на градежна парцела:** 22428,12м2
**Max.површина за изградба:** 9710,81 м2
**Бруто развиена повшина:** 29132,43 м2
**Процент на изграденост:** 43,30%
**Катност:** П+2
**Коефициент на искористеност:** 1,3

**Објект 24.7.1**
**Градежна површина = 1209,18м2,**
**Катност = П+2**
**Бруто развиена површина = 3627,54м2.**

**Објект 24.7.2**
**Градежна површина = 2361,82м2,**
**Катност П+2**
**Бруто развиена површина = 7085,46м2.**

**Објект 24.7.3**
**Градежна површина = 6139,81м2,**
**Катност П+2,**
**Бруто развиена површина = 18419,43м2.**

**Важечкиот ДУП е изработен на застарени геодетски подлоги и фактичката состојба не одговара во целост со катастарските планови.**

**Нумеричките показатели во Урбанистичкиот Проект се утврдени по сегашната актуелна состојба со извршени преклопувања со катастарските планови и евентуалните разлики што постојат се минимализирани и се оправдани.**

## 5. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Планскиот опфат зафаќа површина од П= 7439,77 м2

Во планскиот опфат се предвидува изградба на објекти со намена:

Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија

**Површина на градежна парцела:** 22428,12м2
**Max.површина за изградба:** 9710,81 м2

**Бруто развиена повшина:** 29132,43 м2
**Процент на изграденост:** 43,30%
**Катност:** П+2
**Коефициент на искористеност:** 1,3

**Во склоп на проектната документација на урбанистичкиот проект за парцелирано градежно земјиште приложен е и идеен проект.**

**Идејниот проект може да претрпи промени во согласност со зададените параметри од урбанистичкиот проект за парцелирано градежно земјиште.**

## 6. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Градежната парцела 24.7 која е предмет на работа во овој Урбанистички проект е со вкупна површина од 22428,12м$^2$.
Во парцелата е предвидена класа на намена: Г2 - лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија. При планирањето се почитувани сите нормативи дадени со Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 32/20, 111/23), и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20) и Измена и дополна на правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 219/21, 104/22 и 99/23).

Во доменот на заштитата на животната средина основната цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита: на животната средина се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку примена на современи стандарди и нормативи.Локалитетот ќе се развива согласно современите урбанистички принципи, а поради карактерот на планираната намена проблемите на нарушување на квалитетот на животната средина не се очекува да бидат посебно изразени, но мора да бидат земени во предвид.

### 6.1.УРБАНИСТИЧКО – ТЕХНИЧКИ МЕРКИ

### 6.1.1 ЗАСОЛНУВАЊЕ

Согласно Законот заштита и спасување (Сл.в. на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, 215/21) засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на други заштитни градби за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе се задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

### 6.1.2 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ

При изработка на основниот проект да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди согласно Законот за заштита и спасување (Сл.в. на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, 215/21) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Согласно Законот заштита и спасување (Сл.в. на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, 215/21) засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на други заштитни градби за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката. Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе се задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

### 6.1.3 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

- При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл.в. на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, 215/21), Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област. Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

### 6.1.4 ЗАШТИТА ОД НЕЕКСПЛОДИРАНИ УБОЈНИ И ДРУГИ ЕКСПЛОЗИВНИ СРЕДСТВА

Согласно Член 80 од Законот за заштита и спасување (Сл.в. на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 71/16, 106/16, 83/18, 215/21), заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и

обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена. Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

### 6.1.5 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.

Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

### 6.1.6 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ НЕСРЕЌИ

Заштитата и спасувањето од техничко-технолошките несреќи опфаќа преземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските објекти, кои во производниот процес употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра. Превентивни мерки за заштита и спасување од техничко-технолошките несреќи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање, со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на индустриски објекти, редовно одржување на инсталациите и опремата, како и примена на прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа. Оперативни мерки за заштита и спасување од техничко-технолошките несреќи се активностите за спречување на настанување и намалување и отстранување на предизвиканите последици.

### 6.1.7. СПАСУВАЊЕ ОД СООБРАЌАЈНИ НЕСРЕЌИ

Спасувањето од сообраќајни несреќи опфаќа мерки и активности за спасување при настанати големи несреќи во патниот, железничкиот, воздушниот и водениот сообраќај во кои има поголем број повредени и загинати лица и/или е предизвикана голема штета. Оперативните мерки за спасување се активности за извидување, пронаоѓање и извлекување на повредените и загинати лица, укажување прва медицинска помош и транспорт до соодветните здравствени

установи, како и учество при отстранување на последиците предизвикани од сообраќајните несреќи.

## 6.2 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработка на урбанистичка проектната документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, доколку е потребно да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања. Согласно Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува урбанистичкиот план, а имајки ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.
Исто така, при проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. (Сл весник на РСМ број 32/11), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка документација – елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

## 6.3 ЗАШТИТА ОД ЗАГАДУВАЊЕ

При издавањето на одобренијата за градење за новите објекти доколку е потребно ќе се бара изработка на Студија за влијанието врз животната средина и нема да биде дозволено изградба на објекти кои се загадувачи на животната средина и природата. Основен загадувач на просторот претставува постоењето на моторен сообраќај, кој и не е така голем. Имајќи ја оваа состојба во предвид, може да се изврши поделба на две основни групи на загадувања со дадени основни смерници и мерки за заштита на истите:

- аерозагадување и мерки за заштита
- загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- извори на бучава и мерки за заштита

## 6.4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА

### 6.4.1.МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ

За аерозагадување може да се зборува доколку една или повеќе загадувачки материи се во таква количина и толку долго во воздухот што стануваат штетни за луѓето, животните и растенијата. Со сигурност не може да се одреди реалниот ефект и последици по средината, односно санитарната состојба на воздухот. Врз основа на карактерот на површини за градба, се оценува дека квалитетот на воздухот релативно задоволува и дека не постои изразито загадување со штетни материи на воздухот на предметната територијата.
Се препорачува да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии. Зелените површини во проектниот опфат да се уредат со

автохтони видови со висок биоакумулативен капацитет за евентуално присутните загадувачки материи во воздухот и почвата.
Мерки и заштита од аерозагадување и зачувување на квалитетот на воздухот вградени во планот се:

- обезбедени се услови за ефикасно природно проветрување;
- подобрена е состојбата на зелените површини на локацијата;
- потребна е постојна контрола на загадувачите на атмосферата;
- користење на горива кои содржат помалку штетни состојки;
- контрола на загадувачите на атмосферата и донесување програми за отстранување на причините за загадувањето.

### 6.4.2. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КВАЛИТЕТОТ НА ПОЧВАТА

Контаминацијата на почвата со тешки метали, предизвикана од антропогените активности зазема доминантно место во урбанизираниот дел на општината. Контаминацијата на почвата со природно потекло е далеку послабо застапена и има минорно квантитативно значење.

Традиционалните методи за третман на контаминираните локалитети со тешки метали (измивање на контаминентите, нивна солидификација и друго) може да бидат направени in-situ, на самата локација, или ex-situ, преку отстранување на почвата и спроведување на третманот на друга локација.

Фиторемедијацијата е најповолна метода за отстранување, деградација или апсорбција на тешките метали во почвата преку правилен избор на растенија, хиперакумулатори, на контамината површина. Најприменувани механизми за фиторемедијација се ризофилтрација, фитоекстракција и фитостабилизација.

### 6.4.3. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД БУЧАВА

Бучавата претставува значаен фактор со неповолно влијание што поизразито се манифестира во последните децении како резултат на зголемен број на возила. Според меѓународните стандарди и нормативи нивото на бучавата дозволено во урбаното подрачје е до 60 децибели.

Секојдневната изложеност на населението на високо ниво на сообраќајна бучава, карактеристична за урбанизираните подрачја, има сериозен јавно – здравствен ризик и наметнува потреба од контрола на бучавата во раните фази од планирањето и уредувањето на просторот.

Во планскиот период треба да се стават во функција мерни места за следење на бучавата. Како краткорочен приоритет треба да се постави изработката на Програма за работа на државната односно локалните мрежи за мониторинг на бучавата. Во подрачја покрај магистрални патишта се поставуваат најмалку 10 репрезентативни мерни места кои треба да ја покријат целата зона на сообраќајницата и постојаните извори на бучава.

Смалување на бучавата од сообраќајот може да се направи на два начина:
-Спречување на бучава на самиот извор;
-Спречување на изложување на луѓето на бучава со лични заштитни средства.

## 6.5 ЗАШТИТА ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од 8 степени по MCS скалата, потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите. Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

## 6.6 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Во рамките на проектниот опфат нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Сепак, во склад со одредбите на Член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), ако во текот на изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, изведувачот на работите е должен веднаш, а најдоцна во рок од три дена:

1. Да го пријави откритието во смисла на членот 129 став (2) на горе цитираниот Закон;
2. Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и
3. Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.

## 6.7 ХУМАНИТАРНИ МЕРКИ

### 6.7.1 ЕВАКУАЦИЈА

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја. Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.

Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време. Евакуацијата на населението во друга општина не смее да доведе до нарушување во извршувањето на нејзините надлежности.

Општина на чие подрачје е сместено евакуираното население ги покрива трошоците за обезбедување на основните услови за живот (сместување, исхрана, здравствена заштита и образование), со тоа што надоместокот за направените трошоци се на товар на општината од која е евакуирано населението, односно на товар на Републиката.

### 6.7.2 ЗГРИЖУВАЊЕ НА НАСТРАДАНО И ЗАГРОЗЕНО НАСЕЛЕНИЕ

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и

единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење. Републиката и единиците на локалната самоуправа од кои се згрижува населението ги покриваат трошоците за сместување и обезбедување на основните услови за живот.

### 6.7.3 РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив. Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

### 6.7.4 ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

### 6.7.5 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ЖИВОТНИ И ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, епизоотии и други несреќи. Превентивните мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен и контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

### 6.7.6 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА РАСТЕНИЈА И ПРОИЗВОДИ ОД РАСТИТЕЛНО ПОТЕКЛО

Заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифитотии, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување. Превентивните мерки за заштита и

спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

### 6.7.7 АСАНАЦИЈА НА ТЕРЕНОТ

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и асанација на објектите за водоснабдување.

.

# ГРАФИЧКИ ДЕЛ

# УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА Г2 - ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА ЗА ГП БР. 24.7 ОД ИЗВОД ОД ДУП ЗА ГРАД СТРУМИЦА, ДЕЛ ОД БЛОК БР.24, КО СТРУМИЦА, ОПШТИНА СТРУМИЦА

## ОПШТИНА СТРУМИЦА

ОПШТИНА СТРУМИЦА
Бр. 20-427/2
Од 28.05.2020 год.

Сектор за урбанизам
и комунални работи
-Одделение за урбанизам-
Струмица

**ИЗВОД ОД ДУП ЗА ГРАД СТРУМИЦА**
**ДЕЛ ОД БЛОК БР.24**

*ОДЛУКА БР:* 08-7199/1/1 од 22.09.2015 год.
*БАРАЊЕ БР:* 20-427/1 од 10.03.2020 год.
*ПО БАРАЊЕ НА:* АД НЕМЕТАЛИ ОГРАЖДЕН
*НАМЕНА:* Г2.ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА
*ЗОНА:* ВОН ЦЕНТРАЛНО ПОДРАЧЈЕ
***КО:* Струмица** ***КП БР.7654/2***
*ДП:* *М=1:1000*

- Намена на градбата — *Г2.ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА*
- Макс. дозволена површина за градба — 11141м2
- Површина на парцела — 22282,8м2
- Макс. височина до венец — Не се утврдува
- Катност — П+2
- Сообраќајни услови
- Други услови — Арх.урбан проект

**ОПШТИНА СТРУМИЦА**

**Градоначалник**
**Коста Јаневски**

Графички приказ
На **ГП.бр.24.7**




**ЛЕГЕНДА:**

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П=22428,12м² = 2,24ha

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**ИЗВОД ОД ДУП ЗА ГРАД СТРУМИЦА**
**ДЕЛ ОД БЛОК БР.24**

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
"ВАНЧО ПРЌЕ" БР 119 - ШТИП ТЕЛ. 032 383 - 033

| | | | |
|---|---|---|---|
| НАРАЧАТЕЛ: | ДПТУ ОГРАЖДЕН-МИКРОМИКС ДООЕЛ увоз-извоз Струмица | | |
| ПЛАН: | УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА Г2 - ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА ЗА ГП БР. 24.7 ОД ИЗВОД ОД ДУП ЗА ГРАД СТРУМИЦА, ДЕЛ ОД БЛОК БР.24, КО СТРУМИЦА, ОПШТИНА СТРУМИЦА | ФАЗА: УП | |
| ПРИЛОГ: | ИЗВОД ОД ДУП ЗА ГРАД СТРУМИЦА ДЕЛ ОД БЛОК БР.24 | ТЕХ. БРОЈ: У-08/23 | РАЗМЕР: 1:1000 |
| ПЛАНЕРИ: | ЕМИЛИЈА ГАЛОВСКА д.и.а. овл. бр. 0 .0231 - НОСИТЕЛ НА ПЛАН<br>АЛЕКСАНДАР ВАСИЛЕВ д.и.а. овл. бр. 0 .0500<br>АНИЦА СТОЈАНОВСКА д.и.а. овл. бр. 0 .0363 | ПЛАНЕРСКА КУЌА: | |
| СОРАБОТНИК: | м-р. ТАЊА ТРЕНДОВА д.и.а. | ЛИЦЕНЦА БРОЈ: 0089 | |
| УПРАВИТЕЛ: д.и.а ВЕСНА ВАСИЛЕВА | | ДАТА: ФЕВРУАРИ, 2024 | ЛИСТ БР. 1 |




Координати на проектен опфат:

| | |
|---|---|
| X=7638619.9400 Y=4587202.5800 | X=7638473.0500 Y=4587306.3300 |
| X=7638613.7000 Y=4587188.0600 | X=7638573.8900 Y=4587315.9900 |
| X=7638606.8900 Y=4587173.5900 | X=7638576.0600 Y=4587304.3100 |
| X=7638599.5600 Y=4587159.3700 | X=7638585.8900 Y=4587306.1400 |
| X=7638581.4300 Y=4587125.6100 | X=7638585.6900 Y=4587309.1400 |
| X=7638580.3700 Y=4587123.6500 | X=7638586.4600 Y=4587312.0300 |
| X=7638523.0000 Y=4587170.2500 | X=7638587.9200 Y=4587314.6500 |
| X=7638516.6500 Y=4587175.9000 | X=7638589.7400 Y=4587316.3600 |
| X=7638510.8600 Y=4587182.1200 | X=7638592.3200 Y=4587317.8900 |
| X=7638509.7900 Y=4587183.5200 | X=7638595.2500 Y=4587318.5200 |
| X=7638505.6000 Y=4587188.9500 | X=7638634.2800 Y=4587322.1500 |
| X=7638502.3200 Y=4587193.9000 | X=7638637.2800 Y=4587322.0900 |
| X=7638499.6200 Y=4587198.4400 | X=7638640.2000 Y=4587321.3800 |
| X=7638496.5400 Y=4587204.9800 | X=7638642.8800 Y=4587320.0500 |
| X=7638493.8500 Y=4587211.4500 | X=7638645.2200 Y=4587318.1700 |
| X=7638491.6300 Y=4587218.0800 | X=7638647.0400 Y=4587315.7900 |
| X=7638489.9700 Y=4587224.8800 | X=7638648.3100 Y=4587313.0700 |
| X=7638478.6800 Y=4587279.2200 | |

Легенда:

- Положба според кат. евиденција
- Асфалтирана улица
- Оградни ѕидови
- Ивичњаци помеѓу асфалтирани површини и тревници
- Товарна вага
- Мост- надвозник
- Пропуст
- Терен со косини
- Столбна трафостаница и ел. сандачиња
- Детални точки и коти на терен
- 1.....39 Граница на плански опфат
- Т1.....Т7 Граница на опфат за ажурирање

# УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА Г2 - ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА ЗА ГП БР. 24.7 ОД ИЗВОД ОД ДУП ЗА ГРАД СТРУМИЦА, ДЕЛ ОД БЛОК БР.24, КО СТРУМИЦА, ОПШТИНА СТРУМИЦА

## ОПШТИНА СТРУМИЦА

**ЛЕГЕНДА:**

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П=22428,12м² = 2,24ha

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА**
**СО НАНЕСЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ**

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
"ВАНЧО ПРЌЕ" БР 119 - ШТИП ТЕЛ. 032 383 - 033

| | | | |
|---|---|---|---|
| НАРАЧАТЕЛ: | ДПТУ ОГРАЖДЕН-МИКРОМИКС ДООЕЛ увоз-извоз Струмица | | |
| ПЛАН: | УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА Г2 - ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА ЗА ГП БР. 24.7 ОД ИЗВОД ОД ДУП ЗА ГРАД СТРУМИЦА, ДЕЛ ОД БЛОК БР.24, КО СТРУМИЦА, ОПШТИНА СТРУМИЦА | ФАЗА: УП | |
| ПРИЛОГ: | АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО НАНЕСЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ | ТЕХ. БРОЈ: У-08/23 | РАЗМЕР: 1:1000 |
